# ПРИЛОГ IX

# МЕСТА НА МОНИТОРИНГ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

СОДРЖИНА

IX.1. Места на мониторинг на емисиите и земање на примероци од инсталацијата ........................................................1
IX.1.1. Место на мониторинг на емисиите во воздух ..............................1
IX.1.2. Место на мониторинг на емисиите во површински води..............1
VIII.2. Места на мониторинг во животната средина...............................2
IX.2.1. Места на мониторинг на квалитет на површински и подземни води......................................................................3

## IX.1. Места на мониторинг на емисиите и земање на примероци од инсталацијата

IX.1.1. Место на мониторинг на емисиите во воздух

Местото на мониторинг на емисиите во воздухот претставува испустот (со ознака А1 на Слика бр.VI-4 во Прилог VI), односно оџакот од постројката за согорување на ~~медицински~~ отпад (инцинераторот).

Мерното место се наоѓа над кровот од објектот во кој е сместен инцинераторот и е на висина од 7 метри. До самото мерно место се пристапува преку надворешни вертикални метални скали на кои има поставено штитник (Слика бр.IX-1)



Слика бр.IX-1: Момент на мерење на емисии од испуст од инцинераторот

IX.1.2. Место на мониторинг на емисиите во површински води

Местото на мониторинг на емисиите во површински води претставува местото (со ознака W1 – излез на евакуатор на Слика бр.VI-2 во Прилог VI) каде отпадните води од депонијата се вливаат во потокот Мечкин Дол, кој потоа се влива во Маркова река.

Местото за земање на примероци на отпадните води од депонијата се наоѓа на теренот до кој има изградено пристапен пат за возила. Тоа се наѓа во близина на најниската точка на депонијата каде е лоцирана насипната брана (филтер призма) и излезот од евакуаторот (Слика бр.IX-2)





Слика бр.IX-2 и Слика бр.IX-3 : Изглед на теренот околу местото за земање примероци од отпадните води и излез на евакуатор

## IX.2. Места на мониторинг во животната средина

IX.2.1. Места на мониторинг на квалитет на подземни води

Операторот ја следи состојбата на квалитетот на подземната вода по течението на потокот Мечкин Дол . Покрај тоа го следи и квалитетот на подземната вода на едно место во близина на реката. На Слика бр.VII-1 од Прилог VII, прикажани се местата од каде се земаат примероци на вода за анализа.
Со AW1 е обележено местото од каде се зема примерок на вода од потокот, со AW2 местото од каде се зема примерок на вода од Маркова Река пред зоната на мешање, а со AW3 место од каде се зема примерок на вода од Маркова Река после зоната на мешање. Во минатото овие места беа со релативно лесен пристап, но денес пристапот до овие овие места е отежнат поради менување на ДУП-от со изградба на повеќе приватни објекти. На Слика бр.IX-4 прикажано е едно од тие места.



Слика бр.IX-4: Изглед на местото за земање примероци од Маркова река





Слика бр.IX-5и слика бр .IX-6 : Пиезометар на мерно место ММ1 и ММ2

На претходно спомнатата Слика бр.VII-2 од Прилог VII, со ММ1 (( со координати N 41º55'12,4" Е21º27'57,3" ( ± 3 м )) и ММ2 ((со координати N 41º55'23,9" Е21º27'37,9" ( ± 3м )) се обележани местата на пиезометрите од кои се зема примерок на подземна вода. Горниот дел на пиезометрите звршува со бетонска шахта преку која може да се следи нивото на подземната вода (Слика бр.IX-5и слика бр .IX-6).Теренот до овие пиезометри е со лесен пристап.

## IX.3. Места на мониторинг на јонизирачки зрачења

За дополнителна контрола на донесениот отпад, се врши мерење на зголемено ниво на абсорбирана енергија. Резултатите на испитуваните точки во депонијата покажаа дека нема надминување на максимално дозволените концентраци за јонизирачко зрачење. Дополнително мерење на јонизирачко зрачење на цела депонија направи екипа од Институтот за јавно здравје во месец ноември и декември 2019 година, резултатите покажаа дека вредностите се во рамките на дозволени концентрации.






Слика бр.IX-7 и слика бр .IX-8: Мерење со апарат за јонизирачко зрачење





Слика бр.IX-9 и слика бр .IX-10 Мерење јонизирачко зрачење на депонијата и на печка




**Мерни места на мерење на јонизирачки зрачења:**

1. Влез
2. Печка за согорување на медицински отпад
3. Косини
4. Платформа
5. Тело на депонијата
6. Станица за рециркулација на отпадни води

Слика бр.IX-11: Мерни места на мерење на јонизирачко зрачење